**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 1424/2**
**05.02.2024 година**
**Скопје**

# ООУ„Аврам Писевски“ – Скопје

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 18.12.2023 година до 21.12.2023 година |
| **Број на извештај:** | 29/скопски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Хермина Николовска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Карпош |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 253 |
| **Полова структура на ученици:** | 131 машки и 122 женски |
| **Број на наставници:** | 26 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Милан Иваноски |
| **Директор на училиштето:** | Кристина Андриќ Стојановска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11.04.2023 година до 13.04.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.2 бр.10 село Бардовци - Скопје |
| **Телефон:** | 02 3095 949 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | skolo_pro_koor@yahho.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар 2,77 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 18.12.2023 година до 21.12.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Аврам Писевски“ – Општина Карпош, Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим, со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

За време на надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Совет на родители, со Ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Аврам Писевски “ – Општина Карпош, Скопје е **(2,77)[1].**

Наставниот процес во училиштето, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието.

Училиштето има формирано Училиштен инклузивен тим, составен согласно законската регулатива и истиот се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Исто така, согласно законската регулатива, училиштето има формирано Инклузивен тим за секој ученик со посебни образовни потреби, кој поседува наод и мислење од соодветна институција.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборни наставни предмети, според нивните интереси и потреби. За учениците од ромска националност училиштето нуди изучување на мајчиниот јазик. Се врши анкетирање и се почитува изборот од страна на учениците и родителите.

Учениците се вклучуваат во вонаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонаставна активност. Во вонаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции, кои ги детектираат наставниците. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се хетерогени. Училиштето во вонаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите.

Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на

---

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

учениците на училишно ниво, за последните три учебни години е многу добар (4,00). Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата, редовноста и поведението, за што превзема мерки за подобрување на состојбите.

Во училиштето, има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања. Наставниците кои реализираат воспитно - образовна работа од прво до шесто одделение, изработуваат сценарио за наставен час, тематски процесни планирања и неделни планирања, спогласно Националните стандарди и Концепцијата за основно образование.Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани поголем број на часови со примена на ИКТ.

Поголем дел од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. Застапеноста на интерактивната настава е добра. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик – ученик.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува.

Во училиштето се врши континуирано следење и оценување на учениците со примена на различни методи, начини и форми за оценување. Критериумот за оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои се запознаени учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на нивните деца.

Училиштето има пропишани мерки и реализира активности за безбедност на учениците. Инфраструктурата е безбедна, а хигиената добра. Се води грижа за здравјето на учениците. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците, од социјално загрозени семејства.

Во училиштето има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, младинскиот активизам.

Училиштето има план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.

Училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Библиотеката е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет, но библиотечната евиденција не се води електронски. Во библиотеката за издадените и вратени книги се води евиденција во инвентарна книга.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализирање на воспитно - образовниот процес, вклучувајки и специјален едукатор и рехабилитатор за работа со деца со посебни образовни потреби.

Финансиското работење на училиштето е контролирано од Училишниот одбор, а средствата со кои располага се трошат наменски.

Работата на Училишниот одбор е транспарентна. Членовите на Училишниот одбор запознаени се со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето. Соработката со директорот е партнерска.

Раководен орган на училиштето е директор во прв мандат. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на наставата, обезбедување на современи нагледни сретства, мотивирање на наствниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти и афирмирање на училиштето и постигањата на учениците. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со бр.02-236 од 28.11.2019 година. Последното Решение, добиено од Министерство за образование и наука, за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на училиштето е со бр.УП1 18-1352 од 04.07.2022 година.

Училиштето, преку тимско работење, има изготвено Самоевалуација со бр.02/1-234/1 од 30.08.2023 година, а усвоена од Училиштен одбор со Одлука бр.02/1-234 од 30.08.2023 година.

Училиштето има изготвено Развојна програма за работа со бр.02-237/1 од 04.09.2023 година, која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години (2023 – 2027), а истата со Одлука бр.02-247/2 од 04.09.2023 година, усвоена е од Училиштен одбор.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со бр.02-221 од 21.08.2023 година, која со Одлука бр.02-217 од 18.08.2023 година, за разгледување и усвојување, донесена од Училиштен одбор, доставена е до Советот на Општина Крапош. До моментот на интегралната евалуација, училиштето нема добиено повратен одговор од основачот, па согласно законската регулатива истата се смета за усвоена.

Училиштето за учебната 2022/2023 година, има изготвено Годишен извештај со бр.02/1-217 од 06.09.2023 година, усвоен од Совет на Општина Карпош со Заклучок бр.09-6811/20 од 01.11.2023 година.

Училиштето со Одлука бр.02-230 од 29.08.2023 година, има формирано Училиштен инклузивен тим, согласно законската регулатива и истиот се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Во училиштето има 9 ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна институција и за секој ученик, согласно законската регулатива, училиштето има формирано Инклузивен тим.

Училиштето со Одлука бр.02/1-340 од 13.11.2023 година, има формирано Тим за меѓуетничка интеграција. Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, со нагласување на вредностите во визијата на училиштето и со реализација на Програма за меѓуетничка интеграција во образованието. Партнер училиште им е ООУ„Лиман Каба“, с. Љуботен - Општина Бутел, за што поседува Меморандум за соработка со бр.05-115 од 19.05.2022 година.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120190000372 од 01.03.2019 година, има регистриран, активен училиштен спортски клуб АВРАМ ПИСЕВСК“ с. Бардовци - Скопје, со ЕМБС 7338635.

За организирано остварување на интересите на учениците, во училиштето, формиран е Ученички парламент, составен од претседателите на паралелките. Ученичкиот парламент, согласно законската регулатива има избрано претседател, заменик претседател, секретар на Ученичкиот парламент, Ученички правобранител и двајца заменици.

## Карактеристики на училиштето

ООУ„Аврам Писевски“е воспитно – образовна установа која се наоѓа во Општина Карпош – Скопје, на ул.2 бр.10 село Бардовци.

Училишниот објект е изграден во 1979 година, а отпочнало со воспитно – образовна дејност од 1980 година, како подрачно училиште на тогашното ЦОУ„Јосип Броз Тито“, а сегашно ООУ„Димо Хаџи Димов“. Од 1985 година со Решение бр.996/85 од 14.10.1985 година, издадено од Окружен стопански суд - Скопје, училиштето е именувано во ООЗТ Основно училиште „Аврам Писевски“, со регистерски број 1-1744-22-0-0. Дејноста на училиштето е верифицирана од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура – Скопје, со Решение Уп.бр.11-587/11 од 31.01.1986 година. Со Решение на

Окружен стопански суд бр.12554/95 од 15.11.1995 година се издвојува од РО за основно воспитание и образование „Карпош“ со ООЗТ Скопје и се конституира во Основно училиште „Аврам Писевски“, како самостоен правен субјект.

Врз основа на Одлука на Влада на Република Македонија со бр.19-2326/1 од 22 јуни 2005 година, објавена во Службен весник на РМ бр. 51 од 2005 година, основачките права и обврски и правото на сопственост на Основното училиште „Аврам Писевски“, пренесени се на Општина Карпош. Согласно со оваа промена, извршена е промена на Статутот на училиштето и со Решение за давање согласност на Статутот со бр.19-5369/2 од 12.07.2013 година, издадено од МОН, името на училиштето е променето од ОУ„Аврам Писевски“во ООУ„Аврам Писевски“. Извршената промена е упишана во Централен регистар на Република Македонија.

Училишната зграда е од тврда градба, со вкупна површина од 2 250 м$^{2}$. Училишниот објект се состои од приземје и еден кат. Во училишниот двор има фискултарна сала со вкупна површина од 560 м$^{2}$. Училишниот двор е со површина од 7 250 м$^{2}$, а во состав на истиот има спортски терени со површина од 500 м$^{2}$.

Основното училиште располага со 13 училници, 1 кабинет, 1 библиотека, 1 фискултурна сала, 1 сензорна соба, 4 канцеларии, 1 работилница, 3 помошни простории, 3 санитарни јазли за ученици, еден санитарен јазол за ученици со телесни пречки во развојот и еден санитарен јазол за наставници и 1 котлара за парно греење со помошна просторија.

Училишната зграда се загрева со сопствено парно греење на течно гориво.

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение. Во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 253 ученици, од кои 131 се машки и 122 се женски и истите се сместени во 15 паралелки, од кои 8 паралелки се одделенска настава, а 7 паралелки се предметна настава. Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик, во една смени која започнува во 8:00 часот.

Во училиштето вработени се вкупно 36 лица, од кои настава изведуваат 26 наставници. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат 4 стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар). Во училиштето вработени се и 1 лице - раководен кадар, 1 лице – секретар и 4 лица - технички персонал.

Училишниот имот е осигуран од страна на основачот. Училиштето поседува Полиса бр.08013000065343/0, за осигурување на имот од опасност од пожар и некои други опасности, Полиса бр.09023000065135/0 за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво и Полиса бр.09033000065179/0 за осигурување на стакло од кршење, издадени од ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, за период од 27.06.2023 година до 27.06.2024 година.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Аврам Писевски“ се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта, донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, физика, хемија и биологија во седмо, осмо и дветто одделение, наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование, донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, од Министерот за образование и наука.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на Брошура, Училиштен информатор, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 9 ученици со посебни образовни потреби и тоа 6 со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ и 3 со мислење од ЈЗУ Младост. Согласно стручните проценки со 5 ученици се работи според ИОП, со еден ученик со модифицирана програма, а со останатите 3 ученици се работи со диференциран пристап. Со учениците со потешкотии во учењето кои се детектирани од страна на наставниците и стручната служба, но немаат соодветна документација, се работи со диференциран пристап. Со Одлука бр.02-230 од 29.08.2023 година, донесена од директорот на училиштет, согласно законската регулатива, формиран е Училиштен инклузивен тим, кој работи според изготвена програма, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор и пропишаната процедура за изготвување на ИОП, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Два пати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Аврам Писевски“ има склучено Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ од Скопје, заведен со дел.бр.04-123 од 11.06.2021 година, со цел за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2023/2024 година, од страна на ресурсниот центар, изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето. Оваа учебна година ресурсниот центар не обезбедил поддршка од образовни асистенти. Училиштето до ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“, навремено има доставено Барање за обезбедување на 4 образовни асистенти. По извршена повторна проценка од страна на МКФ, утврдено е дека потребно е образовни асистенти за 2 ученици и во согласност со стручните наоди од МКФ, училиштето повторно има доставено барање за обезбедување на 2 образовни асистенти за двајца ученици, но истите до денот на спроведување на интегралната евалуација не се обезбедени.

Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до девтто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анктниот лист се нудат како избор три изборни предмети определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто, петто и шесто одделение училиштето доставува предлог прашалник до родителите за нивно изјаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се составува предлог за изборни наставни предмети. За учениците од ромска националност училиштето нуди изучување на мајчиниот јазик.

Во ООУ„Аврам Писевски“ се планира и реализира проширена програма. За учениците од прво до трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување

на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот. Прифаќањето и заштитата на учениците ја врши одделенски наставник, според изготвен распоред за дежурства. За учениците од прво до четврто одделение се организира продолжен престој во една хетерогена група.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ„Лиман Каба“ село Љуботен - Општина Бутел заведен со бр. 05-115 од 19.05.2022 година. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Поголемиот дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3.Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички вонаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. За реализација на заедничките активности со партнер училиштето, училиштето од МОН, со Решение бр.12-1108/52 од 14.02.2022 година има добиено грант. Оваа учебна година, училиштето повторно има аплицирано за добивање грант. Реализирањето на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција е и со финансиска поддршка од оснвачот, со донесено Решение бр.11-1030/10 од 09.02.2023 година од Градоначалникот на Општина Карпош за исплата на финансиски средства. Покрај овој проект, во ООУ„Аврам Писевски“ се реализира и проектот „Арисе“ поддржан од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор, кој се однесува на намалување на нееднаквостите во образованието, а со цел за поддршка на образовната и социјална инклузија на ученици со низок социо - економски статус, од која соработка училиштето има добиено грантови во нагледни средства. Од оваа учебна година, училиштето е вклучено во проектот „Зајакнување на капацитетот на младите и

наставниците за примена на мерки за сајбер безбедност и развој на ефективни училишни програми за спречување сајбер насилство“, во соработка со Здружение за истражување на политики Анакитика – Скопје, а поддржан од Амбасадата на Канада.

Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку изјаснување на учениците. Групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока реализирани се работилници со ученичкиот парламент со цел за запознавање со правата на детето.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во учебната 2021/2022 година, учениците освоиле 5 награди на општински натпревари, 5 награди на регионални натпревари и 8 награди освоени на меѓународни натпревари на литературни и ликовни конкурси и изложби, во учебната 2022/2023 година, учениците освоиле 6 награди на општински натпревари, 5 награди на регионални натпревари, 2 награди на државен натпревар и 9 награди на меѓународно натпревари од учество на ликовни и литературни конкурси и изложби, во тековната учебната 2023/2024 година, учениците освоиле 8 награди на литературни и ликовни конкурси и изложби.

Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа. Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација. Во таа насока постојат голем број реализирани активности со страскиот дом Мајка Тереза во Злокуќани, вклучување на учениците во хуманитарни акции, собирни акции за учениците од социјално загрозени семејства и слично.

За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, медиуми, веб страната на училиштето и веб страната на општината.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, по одобрување на програмата за екскурзии од Бирото за развој на образованието, Советот на Општина Карпош и Советот на родители, тековно се реализираат предвидените ученички екскурзии.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120190000372 од 01.03.2019 година, донесено од Централен регистар на РМ, има регистриран училишен спортски клуб „Аврам Писевски“ село Бардовци Скопје и Решение Бр.08-1801/4 од 26.10.2022 година, донесено од Агенција за млади и спорт на РСМ за вршење дејност спорт – училиштен спорт. Во моментот на спроведување на интегралната евалуација училишниот спортски клуб е активен и во него се застапени се две спортски дисциплини -одбојка и фудбал.

# 2 Постигнувања на учениците

## 2.1 Постигнувања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и националност за сите наставни предмети и класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 3,86, во учебната 2021/2022 година изнесува 4.21 и во учебната 2022/2023 година изнесува 3.92. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4.00.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и во таа насока, континуирано презема конкретни активности.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето, за реализирање на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција, организира заеднички вонnаставни активности со ученици од мешан етнички состав во соработка со партнер училиштето, кои се планираат и реализираат во вид на работилници и презентации, преку кои учениците се стекнуваат со нови знаења и искуства за историјата и традицијата на македонскиот и албанскиот народ.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Со Одлука бр.09-2810/3 од 10.04.2019 година и Одлука за изменување бр.09-3199/16 од 20.04.2022 година донесена од Советот на Општина Карпош, утврдени се реоните на основните училишта на територијата на Општина Карпош. Согласно со истата, ООУ„Аврам Писевски“ ја опфаќа територијата на село Бардовци и реоните на населените места Злокуќани и Момин Поток. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и превзема различни активности за да ги запише сите деца од својот реон. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, соработува со градинката која е во непосредна близина на училиштето, остварува соработка со надлежни институции и со локалната заедница. Училиштето настојува при запишувањето да се вклучи и образовниот медијатор. Изготвена е процедура за запишување ученици во прво одделение и училиштето постапува согласно со неа. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици и го известува Државниот просветен инспекторат за незапишаните ученици.

Училиштето делумно располага со податоци за тоа каде учениците го продолжуваат своето образование по завршување во училиштето, односно има податоци само за оние ученици, за кои средните училишта доставиле такви податоци.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. Училиштето располага само со податоци за второ полугодие од учебната 2022/2023 година, кога имало 2 вакви случаи. Во оваа учебна година има еден ваков случај.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 7 639, од кои 4 668 изостаноци се неоправдани или 19 по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 19 642, од кои 13 406 изостаноци се неоправдани или 54 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 20 379, од кои 12 309 изостаноци се неоправдани или 48 неоправдани изостаноци по ученик. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е поголм од 5 неоправдани изостаноци. Училиштето ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Во однос на подобрување на редовноста на учениците при теренските посети училиштето го вклучува и образовниот медијатор, именуван со Решение бр.08-9080/8 од 22.10.2023 година од Министерот за образование и наука.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања на родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот психолог. За учебната 2021/2022 година училиштето нема податок за спроведени советувања, во учебната 2022/2023 година, реализирани се 31 советување на родители од кои 10 по основ на намален успех, 19 по основ на нередовно посетување настава и 2 советувања по основ на несоодветно однесување. Во учебната 2023/2024 година, до моментот на спроведување на интегралната евалуација, реализирани се 137 советувања на родители од кои 98 по основ на нередовно посетување настава, 34 по основ на намален успех во учењето и 5 по основ на несоодветно однесување. За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Психлогот ги следи резултатите од советувањето. Според статистиките и анализите може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици делумно даваат позитивни ефекти.

Во училиштето има појава на осипување на ученици. Во учебната 2021/2022 година, бројот на осипани ученици изнесува 13, за учебната 2022/2023 година, бројот на осипани ученици изнесува 20, а во тековната 203/2024 година, до моментот на надзорот бројот на осипани ученици изнесува 19. Училиштето го следи осипувањето на учениците по одделенија и презема конкретни мерки за да го намали осипувањето кои вклучуваат посета на домот при што се вклучува и образовниот медијатор, известување на Центарот за социјална работа, соработка со локалната самоуправа и нивно пријавување до Државниот просветен инспекторат.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, до моментот на надзорот, вкупно 14 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 20 ученици се запишале во ова училиште.

## 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години има ученици кои ја повторувале годината. Во учебната

2021/2022 година, повторувале 11 ученици и во учебна 2022/2023 година, повторувале 26 ученици.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има договорени приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови за час и сценаријата за час, континуирано се следат во текот на годината, при посетите на часови спроведени од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за учениците со посебни образовни потреби. Во една учебна година, најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Наставниците кои реализираат воспитно - образовна работа со учениците од седмо до девтто одделение, изработуваат годишни, тематски планирања и опративен план за наставен час. За реализирање на наставата според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието за планирање на

наставата по Кембриџ програмата. Наставниците кои реализираат воспитно - образовна работа од прво до шесто одделение, изработуваат сценарио за наставен час, тематски процесни планирања и неделни планирања, во согласност со Насоките за планирање, организација и реализација на наставата од прво до шесто одделение во учебната 2023/2024 година, изготвени од Биро за развој на образованието. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во поголем дел од планирањата. Наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта и со поддршка од стручните соработници. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови за предметна настава го изготвува наставникот по наставниот предмет Информатика, а за одделенска настава го изготвуваат самите наставници. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

### 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на најголем дел од наставниците.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани поголем број на часови со примена на ИКТ. За целосна имплемнтација на Концепцијата за основно образование, донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука, неопходно е доопремување на дел од училиниците со паметна (смарт) табла, како што е предвидено со наставната програма.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, приспособен е на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците најчесто користат учебници и прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно, разбирливо и соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција на релација наставник - ученик, а во помала мера е застапена интеракција на релација ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност или попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од страна на директорот или од стручните соработници. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите, училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија, а во најголем дел од училниците нема изложени трудови на учениците.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни приоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се

усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост, донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Сите наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Поголем дел од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На видно место во училиштето е истакнат распоред со приемно време за секој наставник.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Доставувањето на евидентните листи се врши електронски преку апликацијата на Е -дневникот, по што од родителите се бара електонски да го потврдат приемот на евидентниот лист. За родителите кои се од понизок социоекономски статус кои немаат пристап до интернет евидентните листи им се печатат. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран од страна на основачот преку ,,ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ“ А.Д. – Скопје, за што училиштето поседува Полиса бр.08013000065343/0, за осигурување на имот од опасност од пожар и некои други опасности, Полиса бр.09023000065135/0 за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво и Полиса бр.09033000065179/0 за осигурување на стакло од кршење, за период од 27.06.2023 година до 27.06.2024 година. Во училиштето се осигурани и учениците за што училиштето поседува Полиса бр.010010242208, издадена од КРОАЦИЈА осигурување /неживот АД Скопје за период од 16.10.2023 година до 16.10.2024 година и вработените со Полиса бр.01013000065272/0 издадена од ,,ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ“ А.Д. – Скопје за период од 01.11.2023 година до 01.11.2024 година . Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна основа.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Потенцијално опасните места во училиштето што не може да се избегнат во целост не се посебно означени, но од страна на наставниците, учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во училиштето, во случај на несреќни случаи, има десет лица од вработените кои се обучени за давање прва помош на учениците и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди. Добра пракса во училиштето е тоа што редовно се изведуваат симулациски вежби, па така од почетокот на оваа учебна година се изведени две симулациски вежби.

Во училиштето има 5 хидрантски приклучоци, од кои 3 се распоредени на приземје и 2 се распоредени на првиот кат, а нивната исправност била проверена на ден 01.08.2023 година. Има и 13 ПП апарати кои редовно се сервисираат, односно последното сервисирање на ПП апаратите е направено на ден 01.08.2023 година. Проверката за исправност на ПП апаратите и хидрантите е извршена од страна на фирмата ,,СИГУРНОСТ - ДП“ ДООЕЛ - Скопје. Училиштето има громобранова инсталација, сервисирана на ден 21.07.2022 година и инсталирана интернет мрежа и телефонска врска.

Училиштето има Протоколи како пишани документи (Куќен ред со дел.бр.03-241/3 од 04.09.2023 година и Кодекс на однесување со дел.бр.02-235/1 од 01.09.2023 година) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите доследно се применуваат и се почитуваат.

Училиштето поседува Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување со дел.бр.0802-111 од 18.02.2022 година. Во училиштето нема насилство, манифестирано од страна на возрасните и учениците. Редовно се одржуваат предавања и работилници за заштита на учениците од насилно однесување, работилници и предавања за сајбер насилство, позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјални мрежи. Училиштето, активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши,

наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците (топол оброк). За учениците од прво до петто одделение понудена е ужинка, за која дел од средствата ги обезбедува Општина Карпош, а дел самите радители за што Општината и училиштето имаат склучено Договор со дел. бр.05-147 од 09.07.2021 година со ДПТУ Ванила Фуд ДООЕЛ Скопје и Анекс на Договорот со дел. бр.05-219 од 01.09.2022 година. За учениците од шесто до деветто одделение, училиштето нема организирана исхрана и овие ученици со ужинки се снабдуваат од околната колонијална продавница и од блиската пекара за леб и бели пецива, за што училиштето има увид, се продаваат исклучиво запакувани производи, но за истото не поседува документација од извршените контроли од надлежна институција. Училиштето води кампања за здрава исхрана и за таа цел организира предавања и работилници на тема „Здрава храна“.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби. Од страна на училиштето, до Основното училиште со ресурсен центар ОУРЦ ,,д-р Златан Сремец’’ – Скопје, согласно проценките од МКФ, навремено е доставено барање за обезбедување образовни асистенти, но истите за оваа учебна 2023/2024 година, не се обезбедени. Во училиштето има еден ученик со физичка попреченост кој работи по модифицирана програма во домашни услови. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со физичка попреченост само на приземје, но не и на првиот кат. Изграден е еден прилагоден тоалет за ученици со физичка попреченост.

Училиштето има пропишана процедура за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Во училиштето има 70 ученици од социјално загрозени семејства, од кои 8 се примателите на социјална помош и за нив училиштето, преку организирање хуманитарни собирни акции, во соработка со локалната заедница, родителите и други релевантни институции, повремено обезбедува материјални средства.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година, согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и делумно е холтикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училиштен простор, а последната е извршена на 07.09.2023 година од Служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација ,,СТАРС’’ -Скопје.

Училиштето има програма за превенција за здравјето и редовно се држат предавања и работилници од страна на стручните соработници. За учениците, училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените

извршен е во месец Мај 2023 година во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа и други).

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование, училиштето на учениците им ги обезбедува сите потребни информации. Професионалното ориентирање на учениците најчесто се врши од страна на педагогот и психологот и истите во својата програма имаат предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветите одделенија.

Од стручните соработници, повремено се изготвуват промотивни материјали за мрежата на средните училишта, струките и профилите за занимањата, а се користат и промотивни материјали изготвени од средните училишта во градот.

Советодавната помош на учениците, за избор на занимање и образовна институција се врши преку предавања, работилници и на посебно наменети часови за ученици од деветите одделенија на одделенскиот час.

Училиштето во периодот пред уписи, редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Училиштето има делумно увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование, го продолжиле понатамошното образование.

### 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој.

За постигањата на учениците, во училиштето постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите.

Наставниците за својата паралелка подготвуваат извештаи и анализи, по квартали, врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителски средби и Советот на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

# 5 УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е вклучено во локалната заедница, на настани од културното живеење во Општина Карпош. Учениците го негуваат мултикултурализмот.

Училиштето има сопствена визија и мисија, јавно истакната во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Вработените, учениците и родителите/старателите придонесуваат за постојана афирмација на училиштето. Во училиштето се почитуваат заеднички вредности на чесност, правичност, емпатија, почитување на разликите. Се создава средина која стимулира и атмосфера која промовира толеранција, почит и поддршка.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците и се изготвува индивидуален образовен план и модифицирана програма за секој ученик со посебни образовни потреби, за кој што има соодветна медицинска белешка, односно извршена проценка од Комисијата за процена според МКФ. За подобрување на условите за работа со деца со ПОП, во училиштето функционира и Сензорна соба. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби и со ресурсниот центар ОУРЦ ,,Д-р Златан Сремец’’ .

Училиштето има изготвено свој Кодекс на однесување, кој ги опфаќа сите структури (раководен кадар, стручна служба, наставници, ученици, родители и технички персонал). Кодексот во голема мера го почитуваат сите училишни структури. Во училиштето истакнат е Куќен ред на училиштето и истиот им овозможува на сите училишни структури вклучувајќи ги и родителите да бидат информирани за правилата на однесување во училиштето.

Училишната клима е добра. Кај вработените постои професионален однос со меѓусебна почит и добра соработка. Во училиштето рамноправно се третират сите

структури, што битно влијае на добрата работна атмосфера. Постои взаемна соработка и заедничка работа на наставниците во одделенска и предметна настава. Односите на наставниците и стручна служба се исто така на добро ниво.

Раководниот и наставниот кадар се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици, без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето ги применува изработените правилници за пофалби, награди, педагошки мерки за учениците, како и правилата за однесување на учениците и наставниците во училиштето за време на наставата.

Училиштето има формирано Ученички парламент. Ученичкиот парламент има избрано ученик - претседател и ученик - правобранител, но нема избрано двајца ученици претставници за во Училиштен одбор и не постојат примери за нивно присуство на седници на Училиштен одбор. Учениците повремено се информираат од претседателот за работи што се од нивен непосреден интерес.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето води грижа за постигањата на учениците. Поголем дел од наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење, со поставување јасни и високи очекувања. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Поголем број наставници, успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Учениците кои постигнале високи постигања, се промовираат на крајот на учебната година, јавно на свечености, со доделување на благодарници и доделување на книги.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето повремено организира работилници со родителите, со цел да ги запознае истите, со правата на децата.

Наставниците правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците учат како да ги препознаат и како да се справат со конкретни ситуации, поврзани со дискриминација, во училиштен контекст.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Активностите се планирани во Годишната програма за работа на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и решавање на конфликти помеѓу учениците. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето планира активности со цел да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно - образовната работа на училиштето, на сите нивоа. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители и тоа во пишана форма.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата често се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето, при што се промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

Соработката со сите училишта на ниво на Општина Карпош се одвива преку комуникацијата на наставниот кадар и раководните тела и преку индивидуални посети на училиштата. Меѓусебната комуникацијата на учениците со учениците од другите училишта, се одвива преку општински натпревари и спортски настани, учество во ликовни колонии, концерти и друго. Училиштето при реализација на проекти,остварува соработка со здруженија, невладини организации, фондации и друго.

Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на училиштето во проекти од интерес на заедницата.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишната зграда е од тврда градба, изградена 1979 година, со вкупна површина од
2 250 $м^2$. Училишниот објект се состои од приземје и еден кат. Во училишниот двор има фискултарна сала со вкупна површина од 560 $м^2$. Училишниот двор е со површина од 7 250 $м^2$, а во состав на истиот има спортски терени со површина од 500 $м^2$.

Наставата се изведува во 13 училници, од кои една е преадаптирана од кабинет за наставници, во училница и истата не ги исполнува условите, соглано Нормативот, 1 кабинет за изведување настава по наставниот предмет Природни науки, опремен од страна на Министерството за образование и наука. Училиштето располага и со 1 библиотека, 1 фискултурна сала, 1 сензорна соба, 4 канцеларии, 1 работилница, 3 помошни простории, 3 санитарни јазли за ученици, 1 санитарен јазол за ученици со телесни пречки во развојот, 1 санитарен јазол за наставници и 1 котлара за парно греење со помошна просторија.

Училиштето ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и според приоритетите и потребите ги обновува, со цел истите да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно - образовниот процес.

Од наставни помагала, училиштето располага со 6 функционални ЛЦД проектори, 5 смарт табли, 6 печатари, еден мултифункционален печатар во боја, 3 фотокопири, 4 ПЦ компјутери за наставниците и стручни соработници, 6 лаптпопи и 18 персонални компјутери во училница по наставниот предмет Информатика. Исто така, преку ПЕИП - Проектот за унапредување на основното образование од Министерство за образование и наука, а преку Претпријатие за продажба на книги, училишни и спортски помагала ,,Давка’’ обезбедена е опрема и наставни средства и помагала за природните науки. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби, специјалниот едукатор и рехабилитатор користи и изготвува прилагодени наставни средства и располага со асистивна технологија.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ги користат во наставата и во учењето. Во паралелките кои работат согласно Националните стандарди и Концепција за основно образование, ИКТ опремата не ги задоволува потребите за непречено реализирање на наставата. Во сите училници во кои се реализира настава по новата Концепција за основно образование не се поставени ЛЦД –проектори, поврзани со компјутер или смарт табла и покрај тоа што наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека располага со најмногу пет книги по ученик, вклучувајќи и лектирни изданија. Библиотеката има комјутер со пристап до интернет, но библиотечната евиденција не се води електронски, односно евиденцијата за издадени и вратени книги се води само во пишана форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и согласно работното време на библиотекарот.

Училишната библиотека располага со вкупно 4234 учебници (на македонски јазик) и 2140 книги. Број на лектирни изданија од II – V одделение е 320, а од VI – IX одделение е 210 или во просек 2 лектири по ученик. Фондот на книги постојано се надградува со набавка на нови лектирни изданија, кои се предвидени во програмите, но истите делумно

ги задоволуваат потребите на учениците. Од стручна литература располага со 280 стручни материјали, како и 58 списанија, 12 атласи и 18 енциклопедии. Библиотекарот е одговорен за прием и распределба на бесплатните учебници и ја води библиотекарската секција, во чии рамки организираат акции за собирање на книги, а се организираат и работилници за поттикнувањето на читањето и љубовта кон книгата.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал според приоритетните потреби за реализација на наставните и вонnаставните активности.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено доволен број наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно -образовниот процес по сите наставни предмети. Во моментот на интегралната евалуација, согласно нормативите, само наставникот по наставниот предмет Ромски јазик е со несоодветно образование и истиот е вработен како единствен кандидат на јавен оглас, на определено работно време.

Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. За работа со тие деца, добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор вработен во училиштето. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Наставата во училиштето ја реализираат 26 наставника, од кои осум наставници реализираат настава и во други училишта во рамки на Општина Карпош. Од нив, високо образование имаат 20 наставници, а 5 се со завршени магистерски студии. На неопределено работно време се 18 наставника и 8 наставника на определено работно време. Според полот 22 се жени и 4 се мажи, а според етничката припадност 24 се македонци, 1 ром и 1 србин. Наставата во училиштето ја изведуваат 11 одделенски наставници и 15 предметни наставници. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат 4 стручни соработници и тоа: специјален едукатор и рехабилитатор кој е вработен на неопределено работно време и педагог, психолог и библиотекар кои се вработени на определено работно време.

Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето има 6 приправници од кои 3 се наставници, а 3 се стручни соработници. На приправниците им се назначени ментори, согласно законската регулатива и истите во пропишаниот рок имаат изготвено Програма за работа. Во училиштето нема наставник со звање ментор, со решение од МОН.

Наставниците работат како тим во рамки на четири активи и тоа: актив на одделенска настава, актив на јазична група предмети и општествени науки, актив на вештини и уметничко технички предмети и природно математички актив. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид законските и подзаконските акти и соодветната квалификација согласно нормативот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Стручните соработници (педагогот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор), им помагаат на наставниците во организација и реализација на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и даваат советодавна помош на учениците. Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионални компетенции за наставници. Училиштето има Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење

на вештините и способностите на кадарот. Во училиштето има потреба од дополнителни обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Наставничкиот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Од страна на наставниот кадар изготвени се индивидални планови за личен професионален и кариерен развој.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на финансиските сретства. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за приоритетни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансискиот извештај на училиштето, се разгледуваат и носат од страна на Училиштен одбор.

## 7. Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е составен од 7 членови. Членовите на Училиштен одбор не се избрани согласно член 107 став 1 и став 2 од Законот за Основното образование. Имено двајца претставници од редот на наставници, стручни сотработници и воспитувачи, се избрани по пат на јавно гласање, а еден претставник е избран по пат на тајно гласање. Исто така и двајца членови од редот на Совет на родители се избрани по пат на јавно гласање, а еден е избран по пат на тајно гласање. Така формираниот Училиштен одбор, работи согласно пропишаните надлежности, дефинирани со постојната законска регулатива. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор, со испланирани активности и временска рамка. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам и истите повремено ги следи. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловник за работа на Училиштен одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно - образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор

активно учествува во креирањето политики, но недоволно се залага за афирмирање на инклузивноста, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам.

Раководен орган на училиштето е директор во прв мандат. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на наставата, обезбедување на современи нагледни сретства, мотивирање на наствниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти и афирмирање на училиштето и постигањата на учениците. Работата на директорот е испланирана во Годишна програма за работа на директор, а професионалниот развој на директорот е застапен во програма за професионален развој на директор.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето. Се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на работата на училиштето. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

### 7.2 Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и граѓански активизам, професионален развој на наставниците и унапредување на постигањата на сите ученици. Вработените, советот на родители и дел од учениците учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените ги познаваат и разбираат мисијата и визијата. Училиштето ги вклучува сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците и повремено локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Има мал број на примери за соработка со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорни процедури за донесување на училишни политики. Училиштето само по препораки од надлежни институции ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите и друго. Во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување се почитуваат договорените процедури.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и ја почитува динамиката на следење и евалуација. Училиштето редовно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Училиштето има интерна процедура – протокол за следење на наставниот процес;
- Реализирани се голем број младински иницијативи (собирни акции, реализирани активности со старскиот дом Мајка Тереза);
- Освоен грант за реализирање на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција;
- Училиштето има разработен систем и ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус;
- Добра севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените;
- Односите во училиштето меѓу учениците и сите вработени се добри и коректни;
- Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво;
- Транспарентност при трошењето на училишниот буџет.

## 8.2 Слаби страни

- Дел од учлниците не се опремени со паметна (смарт) табла во согласност со новата концпција;
- Голем број неоправдани изостаноци;
- Потреба од дополнителни обуки за наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Преадаптирана училница од кабинет за наставници, која не ги исполнува условите согласно Нормативот и стандардите на бројот на ученици во паралелките;
- Во библиотеката за издадени и вратени книги се води евиденција во инвентарна книга и библиотеката располага со недоволен број на лектири.

## 8.3 Препораки

- Училиштето да ги продолжи активностите за доопремување со смарт табли;
- Училиштето да ги продолжи активностите за намалување на бројот на изостаноци;
- Да се преземат активности за организирање и реализирање на дополнителни обуки за наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Да се преземат мерки и активности за обезбедување училница која ќе ги исполни условите, согласно Норматив и стандарди за училница, согласно бројот на ученици во паралелките;
- Во библиотеката да се води електронска евиденција за издадени и вратени книги и да се преземат активности за зголемување на бројот на лектири.

| | |
|---|---|
| Хермина Николовска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Соња Миладинова, Инспектор | |
| Драгослава И. Војницалиевска, Инспектор | |